**ИНФОРМАЦИЈА ЗА СОСТОЈБА СО ГОЛЕМА КАШЛИЦА**
**ВО Р.СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2024/25 ГОДИНА, ЗАКЛУЧНО СО 09.01.2025**

## Неделни податоци

**Во периодот од 03.01 - 09.01.2025 година, не е пријавен нов случај на голема кашлица**, за разлика од претходниот седмодневен период кога беше пријавен само еден случај.

## Кумулативни податоци

- Во 2024/25 година, заклучно со 09.01.2025, на територијата на Република Северна Македонија, регистрирани се вкупно 1.174 лица, заболени од голема кашлица, со инциденца од 63,9/100.000 жители.
- Најголем број од заболените лица се регистрирани на територија на Скопје (70,4%), а заболени се регистрирани и во 22 други градови низ РСМ.
- Се уште, во тек се две епидемии на ниво на територијата на Скопје и Куманово.
- Највисока инциденца од 265,1/100.000 жители се регистрира во Кратово, во Скопје (136,2/100.000) и во Куманово (102,5/100.000).
- Најголем број заболени припаѓаат на возрасната група од 0-4 години (36,9%), а највисока инциденца се бележи во возрасната група под 1 година и изнесува 1.560,3/100.000 жители.
- Од вкупниот број на регистрирани случаи (1.174), 745 случаи (односно 63,5%) не биле вакцинирани, не се комплетно вакцинирани согласно возраста или немаат доказ за вакцинација.
- Од случаите кои се комплетно вакцинирани (n=301), просек на поминато време од последната доза на вакцина до заболување изнесува 13,7 години.
- Вкупно се хоспитализирани 191 случај, од кои најголем дел припаѓаат на возрасната група од 0-4 години (n=168, 88%), кои во просек биле хоспитализирани по 8 денови.
- Од пријавените 1.174 случаи, лабораториски се потврдени 1.171.
- Од 18.01.2024 - 09.01.2025, на територијата на РСМ **дадени се вкупно 93.625 дози на вакцина која содржи компонента против голема кашлица**.

**Оддел за епидемиологија на заразни заболувања**
**10.01.2025** **Институт за јавно здравје на РСМ**